**ЗАПИСНИК**
**од дваесет и осмата (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 27.06.2019 година**

Претседателот на Советот на општина Гевгелија ја отвори седницата и најпрвин ја стави на гласање оправданоста на оваа вонредна седница и **Советот со 11 гласа за 1 воздржан и 6 не гласале ја усвои .**

На дваесет и осмата (вонредна) седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Елизабета Линкова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија и Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и осмата (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и седмата седница оддржана на **24.06.2019.**

**Ристо Камов член на Совет** "Имав забелешки од претходната седница меѓутоа само делимично е напишана мојата реакција ,значи реагирав и во врска со точките кој имав забелешки кој беа на две седници пред оваа меѓутоа тоа не е напишано значи записникот е само во делимична форма корегиран односно дадена забелешката која ја кажав на седницата.Барам да се внесе и остатокот од мојата дискусија што ја кажав во врска со освојувањето на претходниот записник."

Претседателот ја прифати забелешката и го стави на гласање записникот од дваесет и седмата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и осмата (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,
2.Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.

3.Предлог-Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на услугите и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред :

**Ристо Ѓоргиев член на Совет "**процедурално според член 32 вонредна седница се свикува за прашања од значајње на безбедноста и сигурноста на граѓаните .Овде во вие точки не гледам загрозување на безбедноста и сигурноста на граѓаните и затоа не гласав по дневниот ред и незнам како ќе ја оправдате оваа како вонредна седница .Оваа седница најмалку може да биде вонредна а за да се оддржи седницата можеше да се свикаат кординаторите на советничките групи и да се договорат за свикување на редовна седница ."

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** одговори дека не го прочита членот 32 до крај кој гласи : вонредна седница се свикува за прашања од значајње на безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случај на вонредни околности.Според деловникот од доставувањето на решението за седница до оддржувањето мора да има поминато седум дена и токму поради тие причина оваа седница е насловена како вонредна .Советниците гласаа за оправданоста на причините за свикување на оваа вонредна седница и таа одлука е донесена со мнозинство гласови и милам дека е исцрпена дискусијата по тој дел.

**Томе Кичуков член на Совет "**процедурално се слагам со колегата дека е ова далеку од вонредна седница а јас гласав да одат точките на дневен ред и да има дебатирање по нив заради тоа што е природно.Претходната седница направивме една таква грешка што јас сум должен да се извинам на граѓаните а исто така и на општинската администрација  затоа што дневниот ред е една работа и треба да се изгласа а дебатирањето по точките и гласањето по нив е друга работа.Ние претходната седница поведени од тоа што сметавме дека владејачката коалиција треба сами да си ги решат внатрешните проблеми не го гласавме дневниот ред и се случи тоа што се случи ,дневниот ред не се усвои и се прекина седницата.На социјалните мрежи видов барање од советник за свикување на вонредна седница за воведување на нова систематизација во ЈПКД Комуналец и сватиВме дека седницата се прекина  и не се усвои дневниот ред заради некои лични фрустрации .Со тоа направивме грешка спрема недолжни граѓани ,не усвоивме дневен ред каде што имаше точки и за легализација и за покачување на платите на вработените во градинките и токму поради овие причини јас денес гласав за дневниот ред за да можеме да дебатираме по овие точки."

**Тихомир Ручкоманов член на Совет** "Со ова се прави преседант во работата на Советот на општина Гевгелија кој што ќе има последици

понатаму.Ваквиот начин на свикување на седници ќе повлекува секакви преседани и во иднина и ќе има секакви барања.Правиме еден преседант во кој доколку биде оспорен на повисока инстанца оваа седница нема да важи и овие одлуки нема да важат што ќе ги донесеме денеска и тогаш тоа ќе биде голем проблем затоа што се работи за финансиски импликации.Мојата процедурална забелешка е дека оваа седница не требаше на овој начин да биде свикана и попаметно ќе беше да седнат кординаторите и да се договорат и да се свика редовна седница со скратени временски рокови за добивање на материјали.Јас и претходната седница заради одредени точки не го гласав дневниот ред бидејќи некои работти не се предлагаат така и сега ние што сме легалисти сакате да не прикажете дека ништо не разбираме а вие што се договарате вие знаете се .Токму поради овие причини продолжете но да знаете ова ако се оспори ќе падне а потоа ќе ве повикаме вас да ги сносите инпликациите."

Советникот Тихомир Ручкоманов после излагањето ја напушти седницата.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** даде образложение дека според статутот дозволено е свикување на вонредни седници ако има оправденост.По барање на градоначалникот беше свикана оваа вонредна седница на која градоначалникот ја објасни оправданоста а мнозинството од советниците ја изгласа оправданоста така да се запазени сите процедури .

**Тодор Ристов член на Совет** даде процедурална забелешка и смета дека потребно е советниците да го задржат нивото на расправа и да не навлегуваат во лични навреди бидејќи се избрани од народот и најдобро е да се премине на разгледување на точките од дневниот ред .

**Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија -** Почитувани се потикна прашање кој ќе ги сноси последиците .Освен тоа што претседателот објасни дека деловнички е издржано за да нема дилема стојам зад сето ова во делот ако се предизвикат финансови импликации од проста причина што нема оштетена страна .Кој би бил тој што би ги загрозил интересите на вработените или на граѓаните со поднесување на иницијатива до Уставен суд.Такво нешто се прави кога има друга страна и која е оштетена.Сега вие треба да изгласате одлука со која ќе биде овозможена законската примена за зголемување на плати во градинките.Платата доаѓа преку блок дотации од централниот буџет а општината ги дистрибуира до детската градинка.Ниту се прават некои винансови инпликации ниту е нешто на терет на општината, сето тоа се технички работи кои треба да се движат во насока за зголемување на платите а верувам дека сите сме желни за на нашите сограѓани им се подигне стандардот и да им се олесни живеачката.Така да од тој аспект лично ја преземам одговорноста за финансиски имликации и одговорно тврдам дека не правиме ништо што е против интересите на општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 12 гласа "за" и 5 не гласале го усвои .**

Претседателот на Совет предложи точките 1,2 и 3 да се расправаат заедно а да се гласаат поединечно и Советот едногласно го прифати овој предлог.

**Точка 1. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по точките 1,2 и 3.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Елизабета Линкова директор на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија ,Ристо Камов ,Виктор Кралев,Тодор Ристов,Томе Кичуков,Игор Илков,Магдалена Делковска,Марија Магдинчева Шопова,Андон Сарамандов членови на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешната организација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија и **Советот со 11 гласа "за " и 5 против го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија и **Советот со 12 гласа "за " и 5 против го усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на услугите и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на услугите и на директорот на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија за 2019 година и **Советот со 17 гласа "за " ја усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дваесет и осмата (вонредна) седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**